Пролетта 1880 Русија изјавила дека е готова да искрца 20.000 војници и да го ликвидира отпорот на лигата.

Ставот на Италија, која исто така беше заинтересирана за овие предели, може да се рече дека бил колеблив. Таа порано често пати истапувала со познатиот лозунг „Балканот на балканците", и тајно ги подржувала националните движења на балканските народи; меѓутоа на Берлинскиот конгрес, таа стоеше на истите позиции со Германија и Австро-Унгарија.

Развитокот на настаните по одлуките на Берлинскиот конгрес влијаеше национално-ослободителното движење кај Албанците да земе сé пошироки рамки. Лигата формирана во Призрен, ќе претставува фактор кој ќе влијае донекаде да се изменат одлуките на Берлинскиот конгрес, во врска со определување на границите спрема Црна Гора. Кога во 1880 година движењето добиваше сé поизразито национален карактер, Австрија уште повеќе беше загрижена. Авторот забележува како австрискиот министер на надворешните работи Хеимерле, на 26 јуни таа година му препорачува на свој амбасадор во Цариград, да протестира кај Високата Порта против дејноста на албанските комитети, образложувајќи дека тие претставуваат голема опасност и за самата Порта. Исто така, тој им препорачува на останатите австриски конзули да бидат доследни на ваквиот став.

Интересни се фактите што ги наведува авторот за ставот што го зазела Англија во пролетта 1880 година, каде се забележува една измена во нејзината политика, која исто така имала своја политичка позадина. Според него овој нов став се забележува веќе во април 1880, кога англискиот амбасадор во Цариград Лајард, а подоцна и Гошен и претставникот на Англија во „Европската комисија за Источна Румелија", Фицморис, го застапуваат овој нов став спрема албанското прашање. Веќе во јули 1880. Гошен му пишува на Гранвил дека албанското движење не е вештачко творештво, туку се јавува како последица на општиот развиток на народите на Балканот. Гошен го застапувал мнението дека би требало да се создаде една голема и силна Албанија. За овој свој став тој настојувал да го заинтересира и својот австриски колега Дубски. Австриските интереси, забележува авторот, не се совпаѓале со настојувањата на англиските претставници за создавање една обединета Албанија, која ќе стане пречка на австриските експанзивни тенденции. Во ова време Австрија настојувала преку свои луѓе да внесе несогласија во Лигата. Таа предложила проект за создавање на една мала автономија во Малесија (скадарска), каде преовладувал католичкиот елемент, и каде таа преку католичкиот клер би можела да ја има ситуацијата во свои раце.

Овие проекти не наишле на одобрување од страна на другите големи сили, поради тоа ни авторите на овие проекти не биле консеквентни во нивното остварување. Треба да се забележи дека проектот на Австрија имало големо негативно дејство во Лигата, поради тоа што таа преку свои агенти успеала да издвои еден дел на членовите на скадарскиот пододбор на Лигата од понатамошната борба, ветувајќи му автономија на Скадарскиот вилајет, а со ова го ослабнува ослободителното движење.

Оваа статија претставува ценет материјал,кој ги осветлува настаните кај Албанците во овој период од аспект на политиката на големите европски сили, како и за нивниот став спрема албанското движење. Ова е дотолку поважно, кога се знае дека во досегашната историографија на овие настани се дадени разно-разни интерпретации, им е препишуван дури и реакционерен карактер. Оваа статија е уште еден доказ како големите сили си играле со судбината на поробените народи на Балканскиот Полуостров и како тие сили претставувале пречка во остварувањето на националната слобода на поробените балкански народи.

**Ш. Р.**

**„Starata gradska arhitektura i urbanizacija na gradovite"** Simpozium, Ohrid 17-21 dekemvri 1964 god.

Книгата „Старата градска архитектура и урбанизација на градовите" е издадена од **Секретаријатот за култура при Извршниот совет на СР Македонија.** Книгата го содржи материјалот за градската архитектура и урбанизација на градовите изнесен на

симпозиумот во Охрид, во декември 1964 година, а посветен на спомнатата тематика.

Книгата, според содржината на материјалот, претставува значаен придонес за согледување на местото и улогата на старата архитектура од XIX век во Македонија, како и историско богатство кое е создадено при оптшествено-економски услови во Македонија во минатиот век. Во ова издание отпечатени се сите реферати поднесени на симпозиумот, како и дискусијата по истите.

Во рефератот од инж. Борис Чипан на тема „Старата македонска куќа" дадена е материја во која се потенцира дека во досегашниот период стручњаците и установите се занимавале со оваа проблематика и успеале да средат доволно стручна и научна документација за старата македонска куќа во XIX век. Ова поглавје од книгата ги опфаќа општествено-економските услови кои делувале при создавање на градската архитектура во минатиот век, нејзината функција, архитектонските форми, градежната техника и употребата на материјалот.

Во архитектурата на куќата од XIX век даден е творечкиот процес и фантазијата на архитектот што создавал при одредени историски услови. На неговата архитектура делувал и етничкиот фактор со сите животни навики кои ја формирале станбената програма и културните влијанија кои се одраз на естетските категории. Во македонската куќа од XIX век се среќава специфичен ликовен израз на архитектура со локална традиција на домашно копаничарство. Внатре куќата е со таваници, сергени, килими и друг декоративен текстил во орнаментика-автохтона македонска, кое му дава посебен лик на внатрешниот амбиент на македонската куќа, која ги има сите вредности на надворешната и внатрешна архитектура. Не случајно, проф. Грабијан во својата публикација „Македонска кућа или прелаз старе оријенталне у европску кућу", Љубљана 1955 година, рекол: „Кога во Европа се почувствувала потреба од куќа за секого, стручњаците кои го познаваа Балканот ја земаа како пример македонската куќа".

Во рефератот на инженерот Крум Томовски на тема „Заштитата на старата градска куќа во Македонија" потенцирано е дека брзата урбанизација на нашите градови бара поголема заштита на старата македонска куќа која со својата архитектура од XIX век претставува културно-историски паметник, кој треба да се сочува поединечно или како комплекс во нашите градови. Потоа, во материјалот се потенцира да не се позволи никаква модернизација на куќите со архитектура од XIX век, а при реконструкцијата да се сочуваат сите нејзини карактеристики на градска архитектура. Секакво модернизирање ќе значи историска загуба.

Инженерот Владо Ќосевски го обработил проблемот „Урбанизацијата во СР Македонија и старата градска куќа". Македонската куќа е третирана како историска вредност и секакво нејзино уништување од урбанизацијата, преставува загуба за која ќе бидеме осудени од идните генерации. Материјалот го поставува и прашањето во која мерка да се сочува и реставрира македонската куќа од XIX век при современата урбанизација на градовите.

Старата македонска куќа во идните модерни населби на СР Македонија треба да биде сочувана и опфатена преку урбанистичките планови. Само така таа ќе остане бисер на архитектурата и вреден историски објект.

Материјалот за „Значењето на старата градска архитектура за развиток на туризмот во СР Македонија", обработен од маг. Илија Малинковски, ги дава можностите како таа архитектура како историско минато, во современите услови може да се користи и пропагира во туризмот. Старата градска архитектура во Македонија по своите карактеристики претставува историско и културно богатство интересно и за културната историја на светот. За одбележување е дека старата македонска куќа е сочувана најмногу во места со погодни климатски услови што ја зголемува нејзината туристичка вредност. Во овој материјал е потенцирано дека туризмот, при урбанизација на нашите градови, бара прашањето со старата архитектура да се решава преку потребите на современиот туризам. Потоа, карактеристичните примероци на старата градска архитектура до максимум да се искористи како туристички мотив. Ова е посебно важно за туристички градови,

како Скопје, Титов Велес, Охрид, Штип, Кратово и други.

Ако при урбанизацијата на градовите се сочува старата градска архитектура, таа ќе претставува неисцрпен историски мотив за човекот од XX век, кој има потреба и сака да ужива во она што човекот го остварил во минатото.

Во целина погледано ова издание ќе има одредена историска вредност, бидејќи во неа е обработена конкретна материја со свое значење за идните поколенија. Оваа едиција има за цел да ја иницира историската вредност на старата архитектура и при изработувањето на урбанистичките планови за нашите градови да и се даде почесно место — како историско минато на Македонија.

**И. М.**

**ARHIVIST, Organ saveza društava arhivista Jugoslavija, godina XIV — sveska 1-2 za 1964 godinu,** str. 396 + cccvi. Beograd 1964 god.

Овој двојброј на **„АРХИВИСТ“** содржи статии, расправи, дискусии, реферати, материјали, описи на архивски фондови, информации, прикази на архивски публикации, библиографија, осврти на правни прописи и сл.

Един Хасанагиќ се осврнува на донесените закони во ноември 1964 година од страна на Сојузната народна скупштина од областа на архивистиката: Општиот Закон за архивската граѓа, Закон за архивскиот совет на Југославија и Законот за Архивот на Југославија. Авторот, задржувајќи се поодделно на секој од наведените закони, го истакнува нивното значење за натамошниот развиток на архивската служба во нашата земја.

Во продолжение поместени се материјалите од V Меѓународен конгрес на архивите, одржан во почетокот на септември 1964 година во Брисел. Во целост публикувани се рефератите одржани на Конгресот и тоа: Современите методи за средување на архивската граѓа настаната пред 1800 година од Др Јоханес Паприќ, директор на Државниот архив во Манбург, Современите системи за класификација на архивската граѓа настаната по 1800 година, од А. Седе, директор на Централната управа на архивите во Унгарија. Архивските публикации, одржан од Марија Таскон, инспектор на Главната архивска управа во Шпанија, Црквените архиви, од Монсињор Ѓусти, директор на Ватиканскиот архив. Регрутување и почеток на кариерата на научниот персонал во Државните архиви, од А. Етебрук, архивист-палеограф при Централниот кралски архив на Белгија, Меѓународниот комитет за сигилографија од Андре Скифтер, конзерватор во Централниот кралски архив на Белгија и — на крајот — дискусиите на југословенската делегација во Конгресот. Бидејќи просторот не ми позволува да се осврнам на рефератите посебно, ќе се задоволам ако ја истакнам констатацијата, дека во V Меѓународен конгрес на архивите се сумирани постигнатите резултати во архивското поле на меѓународен план.

Во рубриката **Актуелни теми** објавена е статијата на Зоран Лакиќ — Проблеми на архивите и архивската служба во Црна Гора. Изнесувајќи го развојниот пат на архивската служба во оваа Република од крајот на 1951 година, кога ео снована првата организирана архивска установа, авторот констатира дека единствениот проблем на архивската служба на Црна Гора се јавува во три форми: проблем на архивските фондови кој се состои во преземањето, по правило, на слабо сочувани и потполно несредени фондови од регистратурите, проблемот на сместување и обезбедување на архивската граѓа во архивите и регистраторите и, на крајот, проблемот на архивскиот кадар. Авторот вели дека проблемите можат и треба да се решат и во врска со тоа дава конкретни предлози.

Во рубриката **Низ архивските фондови и збирки** поместена е статијата на Лазар Ќелап, „Српските школи во Славонско-сремска воена граница“. Статијата е обработена врз основа на архивските фондови: Земунски магистрат, Архив града Београда и „Славонско Сремска генерална команда“, ДАЗ.

Во рубриката **Од историјата на архивите,** публикувана е статијата на Др Климе Џамбазовски, „Некои моменти од првите чекори на присобирање историска граѓа во кнежевина Србија“. Според авторот, првите чекори кон тој